Врз основа на член 49 став 3 од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/2005, 81/05), министерот за животна средина и просторно планирање донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ПОСТАПКАТА, НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДИТЕ И ПРИЗНАНИЈАТА ЗА ДОСТИГНУВАЊА ВО ОБЛАСТА НА ЗАШТИТАТА И УНАПРЕДУВАЊЕТО НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, КАКО И НАЧИНОТ НА РАБОТА И СОСТАВОТ НА КОМИСИЈАТА ЗА НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

## I. ОПШТА ОДРЕДБА

### Член 1

(1) Со овој правилник се пропишуваат постапката, начинот и условите, за доделување на награди и признанија за достигнувања во областа на заштитата и унапредувањето на животната средина (во натамошниот текст: награди и признанија) и начинот на работа и составот на Комисијата за награди и признанија (во натамошниот текст: Комисија).

## II. УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДИТЕ И ПРИЗНАНИЈАТА ЗА ДОСТИГНУВАЊА ВО ОБЛАСТА НА ЗАШТИТАТА И УНАПРЕДУВАЊЕТО НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

### Член 2

(1) Награди и признанија се доделуваат на правни и физички лица за:

- забележителни и мерливи ефекти во областа на животната средина кои значително придонеле за намалување на оптеретувањата врз животната средина; и/или
- забележителни и мерливи ефекти во областа на животната средина со кои се остварува намалување на загадувањата.

(2) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина може на лицето од став (1) на овој член истовремено да му додели и награда и признание.

### Член 3

(1) Наградите и признанијата се доделуваат за следните области:

1. Заштита на биолошката разновидност;
2. Заштита на природно наследство;
3. Туризам;
4. Земјоделство;
5. Шумарство;
6. Енергија и индустрија;
7. Образовни и информациони активности;
8. Управување со отпад;
9. Заштита на водите;
10. Заштита од бучава;
11. Заштита на почвите;
12. Заштита на воздухот;
13. Сообраќај и врски.

(2) Награди и признанија може да се доделат и на општини кои се најактивни во подрачјето на промовирањето и унапредувањето на животната средина.

Член 4

(1) Наградите и признанијата согласно законот се доделуваат врз основа на јавен конкурс за доделување на награди и признанија, за достигнувања во областа на заштитата и унапредувањето на животната средина.

(2) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, го распишува конкурсот од став (1) на овој член еднаш годишно, а најдоцна до 15 јануари во тековната година за достигнувања во претходната година.

(3) Конкурсот од став (1) на овој член се објавува во најмалку два дневни весници на територија на Република Македонија, како и на интернет страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(4) Во јавниот конкурс од став (1) на овој член, се наведуваат:

- условите кои треба да ги исполнуваат предложените кандидати за учество на конкурсот;
- начинот за поднесување на предлози за награди и признанија;
- подрачјата за кои се доделуваат награди и признанија;
- условите, начинот и рокот за доставување на предлозите;
- формата и висината на наградите.

Член 5

(1) Секое домашно правно и физичко лице (во натамошниот текст: подносител на предлогот) може до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, да достави предлог за доделување на награди и признанија, во рок кој не може да биде пократок од 20 дена и подолг од 35 дена од денот на објавувањето на конкурсот од член 3 став (1) од овој правилник.

(2) Предлозите за доделување на награди и признанија за достигнувања во животната средина се доставуваат во затворени коверти.

Член 6

(1) Признанијата се доделуваат во облик  на повелба и плакета.

(2) Наградите се доделуваат во облик на парични средства, во форма на “прва”, “втора” и “трета” награда.

## III. НАЧИН НА РАБОТА НА КОМИСИЈАТА

Член 7

(1) Комисијата за доделување на награди и признанија се формира по истекот на рокот за поднесување на предлози за доделување на награди и признанија.

(2) Комисијата започнува со својата работа веднаш по нејзиното формирање.

Член 8

(1) Комисијата е составена од непарен број на членови.

(2) Комисијата се состои од пет члена од кој е еден ја врши функцијата претседател на Комисијата.

Член 9

(1) Комисијата го разгледува доставениот предлог на седница.

(2) Доколку Комисијата утврди дека предлогот не е изготвен согласно барањата од конкурсот, ги определува податоците со кои треба да се дополни предлогот и од подносителот на предлогот бара дополнување на предлогот,  во рок не пократок од 3 дена.

(3) Доколку подносителот на предлогот не постапи во согласност со став (2) на овој член, Комисијата носи решение со кое го отфрла предлогот.

Член 10

(1) Комисијата ги разгледува сите поднесени предлози и врши потесен избор од 5 (пет) предлози за секоја област од член 3 од овој правилник.

(2) Врз основа на потесниот избор на субјектите од став 1 од овој член, Комисијата донесува одлука за избор на три субјекти на кои ќе им бидат доделени плакети и прва, втора и трета награда, и признание за преостанатите два субјекта кои влегле во потесниот избор.

(3) Наградата можат да ја делат повеќе лица доколку ги исполнуваат условите од член 2 од овој правилник.

(4) Одлуката за доделување на награди и признанија од став 2 на овој член се објавува во најмалку едно јавно гласило во Република Македонија.

Член 11

(1) Доколку Комисијата оцени дека не се исполнети условите утврдени во конкурсот донесува Одлука дека ниту еден од доставените предлози не ги исполнува условите за доделување на награди и признанија од одредена област од заштита на животната средина во тековната година.

Член 12

(1) Заради доделување на наградите и признанијата, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животна средина организира свечено доделување.

Член 13

(1) Комисијата работи на седници на кои се води записник.

(2) Со седниците на Комисијата претседава претседателот, а во случај на негова спреченост, претседава еден од члeновите што тој ќе го определи.

(3) Заради оценка на достигнувањата на подрачјето на заштитата на животната средина за кое се предлага доделување на награда и признание Комисијата може во својата работа да вклучи и стручни институции или поединци од соодветното подрачје.

Член 14

(1) Одлучувањето за доделување на награди и признанија се врши со јавно гласање.

(2) Одлуката за доделување на награди и признанија се донесува со просто мнозинство од вкупниот број на членови на Комисијата.

(3) Доколку член на Комисијата не се согласува со одлуката на Комисијата може да побара неговото издвоено мислење со образложение да се внесе во записникот од седницата на Комисијата.

Член 15

(1) Имињата или насловите на предложените субјекти и наслови, како и имињата или насловите на наградените, Комисијата ги чува како службена тајна до доделување на наградите и признанијата.

## IV. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 16

(1) Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 07-5424/1
6 декември 2005 година
Скопје

Министер за животна средина
и просторно планирање,
д-р **Зоран Шапуриќ,** с.р.